РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-2194/8
07-05-2026 20 ___ год. / vit

ЛИСА-КОМ МС Кавадарци
Ул. Рајко Жинзифов Бр.25
Бр. 13/26
07.05 2026 год.
КАВАДАРЦИ

# РАМКОВНА СПОГОДБА ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Услуги за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД)**

Склучена на ден ___.___.2026 година

## I ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади** со седиштето на ул. „Даме Груев" бр.14, Скопје, претставувано од Министер Fatmir Limani, во понатамошниот текст: Договорен орган, и

2. **Друштво за производство, градежништво, инженеринг, трговија и услуги ЛИСА-КОМ МС ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци**, со ЕМБС 5635551, Даночен број 4011002122185, со седиште на ул. „Рајко Жинзифов" бр.25, Кавадарци, претставувано од одговорното лице Стојан Митров, во понатамошниот текст: Носител на набавката.

## II ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

**Член 1**

Со оваа рамковна спогодба се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како набавка од мала вредност за набавка на услуги, во согласност со позитивните законски прописи (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи, Правилникот за поблиските услови за вршење на ДДД - Сл.весник на РМ бр. 152/2007) и важечките подзаконски акти.

**Член 2**

Договорните страни ја склучуваат оваа рамковна спогодба врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-2194/1 од 26.02.2026 година, Одлука за избор на најповолна понуда со архивсли број 02-2194/5 од 21.04.2026 година, донесена во истата постапка, како и врз основа на доставената понуда на Носителот на набавката со број на оглас 05101/2026. Предмет на оваа рамковна спогодба е вршење на услуги за дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во објектите на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**Член 3**

Министерството за социјална политика, демографија и млади ќе ги набавува услугите од Носителот на набавката сукцесивно, согласно потребите, врз основа на писмена нарачка од овластено лице. Услугите ќе се извршуваат во следниве објекти:

- Министерство за социјална политика, демографија и млади – зграда на Министерството, ул. „Даме Груев" бр.14, Скопје;
- Управа за прашања на борците и воените инвалиди, бул. „Кочо Рацин" бр.14, Скопје;
- Ресурсен центар, ул. „Македонија" бр.22, Скопје;
- Центар за социјални претпријатија, ул. „Македонија" бб, Скопје.

Услугите се однесуваат на сите простории во објектите што се во надлежност и користење на договорниот орган, вклучително: канцеларии, ходници, санитарни јазли, магацински и помошни простории, како и други затворени и отворени површини кои се составен дел од објектите.

Вкупната површина на просториите што се предмет на извршување на услугите изнесува приближно 2000 m². Наведената квадратура 2000 m² со отстапување од -20% до +20% е ориентациона и не претставува обврска за договорниот орган.

## III ВРЕМЕТРАЈАЊЕ НА СПОГОДБАТА

### Член 4

Оваа рамковна спогодба е со важност од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на нејзиното потпишување од двете договорни страни.

## IV ВРЕДНОСТ НА СПОГОДБАТА

### Член 5

Оваа рамковна спогодба се склучува во висина на проценетата вредност на набавката, согласно точка 11 од Тендерската документација со број на оглас 05101/2026, и истата изнесува **200.000,00 денари без данокот на додадена вредност**, односно **236.000,00 денари** со вклучен данок на додадена вредност.

Договорниот орган не е обврзан да ја искористи целокупната проценета вредност на рамковната спогодба, туку ќе врши поединечни нарачки согласно потребите, во рамките на утврдената максимална вредност и во текот на времетраењето на спогодбата.

### Член 6

Единечните цени на услугите, во согласност со прифатената финансиска понуда, изнесуваат:

- Дезинфекција на сите простории: 6,00 ден.м² (без ДДВ)
- Дезинсекција на сите простории: 8,00 ден.м² (без ДДВ)
- Дератизација на сите простории: 5,00 ден.м² (без ДДВ)

Цените се фиксни и непроменливи за целото времетрајање на рамковната спогодба.

### Член 7

Детален преглед на услугите и нивните вредности е содржан во следната табела:

| Ред. | Шифра | Опис на услуга | Мерна ед. | Количина (м²) (ориентациона од -20% до +20%) | ед. цена (ден.) | Вкупно без ДДВ | Цена со ДДВ (18%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 24455000-8 | Дезинфекција на сите простории | м² | 2.000,00 | 6,00 | 12.000,00 | 14.160,00 |
| 2 | 24455000-8 | Дезинсекција на сите простории | м² | 2.000,00 | 8,00 | 16.000,00 | 18.880,00 |
| 3 | 24455000-8 | Дератизација на сите простории | м² | 2.000,00 | 5,00 | 10.000,00 | 11.800,00 |
| | | | | | **ВКУПНО:** | **38.000,00 ден.** | **44.840,00 ден.** |

## V МЕСТО, РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 8**

Носителот на набавката е должен да ги изврши услугите стручно, квалитетно и во согласност со важечките законски и подзаконски прописи, техничката спецификација, понудата на Носителот на набавката и одредбите од оваа рамковна спогодба.

**Член 9**

Носителот на набавката е должен да започне со извршување на услугите најдоцна во рок од 5 (пет) работни дена од денот на приемот на писмената нарачка од Договорниот орган.

**Член 10**

Услугите ќе се извршуваат со соодветна и исправна опрема, со регистрирани и одобрени средства за употреба во Република Северна Македонија, издадени од Министерството за здравство на РСМ, со безбедносен лист (MSDS) за секое применето средство, и со стручен и обучен кадар, при што мора да се почитуваат сите мерки за заштита на здравјето и безбедноста при работа, како и мерките за заштита на животната средина.

Носителот на набавката ќе ги употребува следниве регистрирани средства: за дезинфекција – PermaSafe CLEAN Step 1, за дезинсекција – CIMETROL SUPER EW и за дератизација – Glodacid Plus (парафински блок), сите одобрени за употреба во Република Северна Македонија.

**Член 11**

Извршувањето на услугите треба да се организира на начин кој нема да го попречува редовното функционирање на Договорниот орган, а термините за реализација ќе се усогласуваат со овластеното лице од Договорниот орган.

**Член 12**

По извршување на услугите, Носителот на набавката е должен да достави писмен Извештај / Записник за извршените активности, потпишан од овластено лице на Договорниот орган и Носителот на набавката, кој што треба да содржи: основни податоци за објектот, датум и времетраење на извршување на услугите, вид и количина на применети средства, опфат на извршените активности, како и резултати и забелешки од извршената услуга.

**Член 13**

Договорниот орган го задржува правото да врши контрола на квалитетот на извршените услуги и, доколку утврди неправилности или неусогласеност со спогодбата и техничката спецификација, да побара повторно извршување на услугите без дополнителен надомест.

## VI НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 14**

Плаќањето ќе се врши по извршена услуга, врз основа на уредно доставена фактура во Архивата на Министерството, кон која задолжително се доставува потпишан Извештај/Записник. Договорниот орган ќе ја изврши исплатата вирмански, во рок до 30 (триесет) дена од денот на приемот на уредна и комплетна фактура.

**Член 15**

Во договорената цена се вклучени сите трошоци поврзани со извршувањето на услугите, вклучително и трошоците за средства и препарати, работна рака, транспорт, заштитна опрема, безбедносни листови (MSDS), како и трошоците за отстранување и безбедно уништување на остатоците, при што Носителот на набавката нема право на дополнителни финансиски побарувања кон Договорниот орган.

## VII ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 16**

Носителот на набавката е обврзан да ги извршува услугите во согласност со условите утврдени во тендерската документација, техничката спецификација и оваа рамковна спогодба, со употреба на регистрирани и одобрени средства за употреба во РСМ.

**Член 17**

Носителот на набавката се обврзува да применува само средства за кои поседува решение за регистрација издадено од Министерството за здравство на РСМ, и за секое применето средство да достави безбедносен лист со податоци (MSDS).

**Член 18**

Носителот на набавката е должен да ги исполнува и следниве обврски:

- да обезбеди стручен и обучен кадар за вршење на ДДД услугите;
- да ги почитува сите мерки за заштита на здравјето, безбедноста при работа и животната средина;
- да ги отстрани сите остатоци по извршувањето на услугите.

## VIII ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 19**

Договорниот орган се обврзува:

- да обезбеди пристап до објектите за Носителот на набавката во договорениот термин;
- да достави писмена нарачка за секое барање за извршување на услугите;
- да го потпише Извештајот/Записникот по квалитетно извршувањ на услугитее;
- да изврши плаќање во договорениот рок;

**Член 20**

Лице задолжено за реализација на спогодбата кај Договорниот орган е Александра Недева или друго лице овластено од Министер.

## IX ВИША СИЛА

**Член 21**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на оваа Спогодба до кое што би дошло заради „Виша сила". Вишата сила значи исклучителен настан или околност надвор од контрола на страните, против кој ниедна од страните не можела да преземе мерки (војна, тероризам, природни катастрофи, пандемија и сл.). Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна.

## X ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 22**

За се што не е регулирано со оваа Спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

## XI УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА

**Член 23**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да ја раскине спогодбата, а во секој случај има право на надомест на штетата. Спогодбата не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

## XII РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 24**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од оваа Спогодба, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање; во спротивно, надлежен за решавање на сите евентуални спорови е Граѓански суд Скопје, Скопје.

## XIII ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 25**

Рамковната спогодба за јавна набавка во текот на нејзината важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки. Дополувањата и измените се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 26**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 27**

Оваа рамковна спогодба е составена во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на нејзиното склучување.

| Договорниот орган | Носителот на набавката |
|---|---|
| Министер | Одговорно лице |
| Fatmir Limani | Стојан Митров |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Раководител на одд

Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор

Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар